Гимназија „Добри Даскалов“ во соработка со Коалицијa на младински организации СЕГА, во рамките на проектот „**Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“** поддржан од Детската Фондација Песталоци, објавува

# ПОВИК

## За избор на Дете правобранител и двајца заменици на Дете правобранител

***Дете Правобранител претставува ученик кој ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави на сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во/вон училиштето*** *(Училишен кадар и Народен правобранител).*

I УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Право на пријавување за функцијата Дете правобранител: **ученици/чки од II и III година.**
Право на пријавување за функцијата заменик Дете правобранител: **ученици/чки од I, II и III година во средно училиште.**

II НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Документи за пријавување: **пријава и мотивационо писмо.**
Заинтересираните кандидати можат да подигнат пријава од **одговорниот професор Наташа Матакова, училишниот педагог и училишниот психолог**. Истата, кандидатите потребно е да ја пополнат и достават до **професор Наташа Матакова, училишниот педагог или училишниот психолог**.
Мотивационо писмо се доставува во слободна форма.
**Краен рок за поднесување на документите**: 07.02.2018

III КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

- **пол,**
- **возраст,**
- **основно познавање на детски права,**
- **мотивација за пријавувањето,**
- **комуникациски и организациски способности,**
- **претходно поведение,**
- **етничка припадност,**
- **претходно искуство односно вклученост во вон-наставни активности.**

IV РАБОТНИ ОБВРСКИ на Детето Правобранител и неговите заменици:

- **Промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни – врснички работилници***
- **Прибирање на претставки – поплаки од учениците (препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита за почитување на детските права)****

**Мандатот на избраниот Дете правобранител и замениците правобранители ќе биде во период од две учебни години.**

Лице за контакт: Наташа Матакова.

Кавадарци, 29.01.2018